**1286.**

Врз основа на член 49 став (8) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 април 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ВИДОТ И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ТРОШОЦИТЕ ВО ПОСТАПКАТА НА АКРЕДИТАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА РЕАЛНО НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат видот и висината на надоместоците за трошоците во постапката на акредитација врз основа на реално направени трошоци на Одборот за акредитација на високото образование (во натамошниот текст: Одборот за акредитација), и тоа:

1. За утврдување дали со проектот за основање на високообразовна установа и поднесената документација се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност и за утврдување на капацитетот за студирање на високообразовната установа, се плаќа надоместок во износ од 80.000,00 денари.

2. За акредитација на проект за основање на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа и за акредитација на студиска програма на научните институти, се плаќа надоместок во износ од 50.000,00 денари.

3. За акредитација на проектот за основање на единица на самостојна приватна или приватно-јавна високообразовна установа, се плаќа надоместок во износ од 50.000,00 денари

4. Акредитација на научна установа за вршење високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус на студии, се плаќа надоместок во износ од 40.000,00 денари.

5. За утврдување на исполнетост на условите за организирање на студии за нови студиски програми на високообразовната установа и утврдување на капацитетот за студирање на високообразовната установа, се плаќа надоместок во износ од 20.000,00 денари.

6. За акредитација на студиски програми за период од пет студиски години, се плаќа надоместок во износ од 20.000,00 денари.

7. За акредитација на ментори на докторски студии, се плаќа надоместок во износ од 6.000,00 денари.

8. За повторно разгледување на елаборатите, вратени на доработка, се плаќа надоместок во износ половина од износот определен во точките 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од овој член.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 40-3663/1
13 април 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.